**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-227
08.08. **2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2856/1 од 19.07.2022 година, и Заклучокот арх.бр.02-3032/6 од 08.08.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 08.08.2022 г. согласно, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, заради извршена повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, на 5 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр. 10-2856/1 од 19.07.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 19 јули 2022 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 5-ти јули 2022 година, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, на 5 јули 2022 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското

радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуваше 5 часа 57 минути и 28 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 26.82% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 12 минути и 57 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5 јули што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:12:57), е 6 часа 39 минути и 53 секунди. Телевизија СТАР емитуваше за 42 минути и 25 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2856/1 од 19.07.2022 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, на 21.07.2022 г., испрати Допис наш арх.бр.10-2856/2 од 21.07.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2856/1 од 19.07.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, односно на 25.07.2022 г., ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, до Агенцијата достави Писмено изјаснување арх.бр.10-2856/3 од 25.07.2022 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 08.08.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување арх.бр.10-2856/3 од 25.07.2022 г. и заклучи на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 92 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр. 10-2856/1 од 19.07.2022 година, поради констатирано непочитување на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 08.08.2022 година согласно Заклучокот бр.02-3032/6 од 08.08.2022 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

______________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2856/1 од 19.07.2022 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

Примено/Ракено: 19.07.2022

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | 2856 | 1 | |

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип
3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јули 2022 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2022 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија)

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 5 јули 2022 година, на регионално ниво, **<u>констатирано е прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>** (*Трговските радиодифузни*

*друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела).*

Со надзорот е констатирано дека на 5 јули 2022 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуваше 5 часа 57 минути и 28 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **26.82%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 12 минути и 57 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 5 јули што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:12:57), е 6 часа 39 минути и 53 секунди. Телевизија СТАР емитуваше за 42 минути и 25 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, на 5 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***